Општина Шуто Оризари-Komuna Šuto Orizari-Komuna Shuto Orizari

Република Северна Македонија-Republika Utarali Makedonija-Republika e Maqedonisë së Veriut

Бр-No-Nr. 10-108/17

27.05 2024 год- berš-viti

СКОПЈЕ- SKOPJE-SHKUP

# СООПШТЕНИЕ

## ЈАВЕН ПОВИК ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ ПОВТОРЕНА ЈАВНА АНКЕТА И ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА ЗА ПРЕДЛОГ НА НАЦРТ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ С.07 КО ГОРНО И ДОЛНО ОРИЗАРИ ВО ОПШТИНА ШУТО ОРИЗАРИ-СКОПЈЕ




ГУП на Град Скопје –Местоположба на Градска четврт С.07

Граници на Градска четврт С.07 се со границите на Градска четврт С.05, и С.08 С.06 и С.09 согласно ГУП на Град Скопје 2012-2023 година со КО Кучевиште вон ГУП.

-На север се протега по осовините обиколница А2 (КО Горно и Долно Оризари).

-На исток се граничи со КО Кучевиште –вон град и ГУП на град Скопје

-На југо-исток се граничи со Градска четврт С.09-по оска на сообраќајница ,,Собирна улица 12''-,,1964'' по ГУП.

-На југ се граничи со Градска четврт С.08-по оска на сообраќајница ,,Собирна улица 11''-,,Гвадалахара'' по ГУП.

-На запад се граничи со Градска четврт С.05 по оска на сообраќајницата ,Индира Ганди'' (,,Шуто Оризари'') по ГУП.

-На југо-запад се граничи со Градска четврт С.06 по оска на сообраќајница ул,,Индира Ганди'' (,,Шуто Оризари'') по ГУП.

Согласно опишаните граници вкупната површина изнесува:

-24,168 ха, дефинирана по границата на градската четврт на плански опфат С.07 од ГУП на Град Скопје 2012-2022 година.

-30,97 ха дефинирана по осовини на сообраќајниците.

Согласно член 13 и член 50 став (11) од Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на РСМ бр.32/20 и 111/23) со Јавен повик се известуваат сите заинтересирани жители , правни субјекти и релеваннтни институции дека ќе се оддржи повторена Јавна анкета и Јавна презентација за предлог на Нацрт детален урбанистички план за Градска четврт С.07 КО Горно и Долно Оризари која се наоѓа во рамките на Генералниот урбанистички план на Град Скопје 2012-2022 година за плански период од 2021-2026 година. Повторената Јавнат анкета ќе започне после 15 (петнаесет дена) од денот на објавувањето на овој Јавен повик и ќе започне на ден 12.06.2024 година, заклучно со 26.06.2024 година и ќе трае 10 (десет) работни денови.Повторената Јавната презентација ќе се оддржи на ден 13.06.2024 година во салата за состаноци на Советот на Општина Шуто Оризари со почеток во 9 (девет) часот.Нацрт предлогот на деталниот урбанистички план за Градска четврт С.07 КО Горно и Долно Оризари ќе биде изложен во холот на административната општинска зграда на улица ,,Хаџи Јован Шишко'' бр.36 секој работен ден од 8-16 часот.Се известуваат сите заинтересирани физички и правни лица и надлежни институции, дека своите забелешки , дополнувања и мислења, за време на спроведувањето на повторената јавна анкета и јавната презентација ќе можат да ги приложат во анкетните листови кои ќе бидат достапни во хартиена форма во општинската зграда или во електронска форма кои ќе бидат достапни преку информацискиот систем е-урбанизам со број на постапка 39701 и на веб страната на општина Шуто Оризари www. sutoorizari.gov .mk Ова Соопштение со Јавниот повик ќе биде објавено на огласната табла во административната општинска зграда, на веб старaната на општината www. sutoorizari.gov.mk во информацискиот систем е-урбанизам со број на постапка 39701, и со соопштенија и плакати околу подрачјето на планскиот опфат.

Скопоје 27.05.2024 год

Општина Шуто Оризари
Градоначалник
Курто Дудуш